**<u>Комитет на експерти за Роми и Патувачи</u>**

Комитетот на експерти за Роми и Патувачи е првото тело на СЕ одговорно за преглед врз ситуацијата на Ромите и Патувачите во Европа. За својата работа овој комитет одговара пред Европскиот комитет за миграции, а таа опфаќа: проучување, анализирање и евалуирање на имплементацијата на политиките (национални програми и/или акциони планови) и практики на земјите членки по однос на Ромите и Патувачите, изработка на упатства за развивање и/или имплементација на политики кои ги унапредуваат правата на Ромите и Патувачите, земајќи ги предвид наодите од механизмите за мониторинг на релевантните правни инструменти на СЕ и има увид во ситуацијата на Ромите и Патувачите во земјите членки во согласност со релевантните правни инструменти на СЕ.

Комитетот се состанува два пати годишно во состав од претставници од 29 земји членки.

За повеќе информации, посетете ја интернет страницата на Советот на Европа http://www.coe.int/T/DG3/RomaTravellers/Default_en.asp